**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

.

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **16.06. 2015 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 10** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година**

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година бр. 0801 - 393 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година**

Се објавува Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година бр. 0801 - 394 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/2**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука За давање согласност на Извештајот за материјално-финансово работење на ЈКП ,,Комуналец ,, за период 01.01.2015-31.03.2015 година бр.0103-257/2 од 21.05.2015 година**

Се објавува Одлука За давање согласност на Извештајот за материјално-финансово работење на ЈКП ,,Комуналец ,, за период 01.01.2015-31.03.2015 година бр.0103-257/2 од 21.05.2015 година бр. 0801 - 395 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/3** | **Општина Свети Николе**
**16.06. 2015 година** | **Градоначалник,**
**Свети Николе** | **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Слжбен Весник на РМ бр.5/02), како и член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр.38/96, 6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.06. донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Извештајот за материјално-финансово работење на ЈКП ,,Комуналец ,, за период 01.01.2015-31.03.2015 година бр.0103-257/2 од 21.05.2015 година**

1.

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Извештајот за материјално-финансово работење на ЈКП ,,Комуналец,,-Свети Николе за период 01.01.2015-31.03.2015 година бр.0103-257/2 од 21.05.2015 година

2.

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801-395** | **Совет на Општина Свети Николе**

**16.06. 2015 година** | **Претседател,**

**Свети Николе** | **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување цени на вода за пиење во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе**

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување цени на вода за пиење во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе бр. 0801 - 396 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/4**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), а во врска со чл. 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96...25/15), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Одлуката за утврдување цени на вода за пиење во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе**

**Чл.1**

СЕ ДАВА согласност на Одлуката броој 0202-201/3-1 од 18.04.2015 година донесена од Управниот одбор на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе со која се утврдуваат цените на водата за пиење .

**Чл.2**

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Број 0801-396**
**16.06. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање водоводен систем во МЗ Кадрифаково од страна на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе**

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање водоводен систем во МЗ Кадрифаково од страна на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе бр. 0801 - 397 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/5** **Општина Свети Николе**
**16.06. 2015 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со чл. 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр. 38/96...25/15), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за превземање водоводен систем во МЗ Кадрифаково од страна на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе**

**Чл.1**

СЕ ДАВА согласност на Одлуката брооj 0202-201/6 од 18.04.2015 година донесена од Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Свети Николе со која водоводниот систем во МЗ Кадрифаково се превзема од страна на ЈКП „Комуналец" Свети Николе на понатамошно управување и стопанисување.

**Чл.2**

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Број 0801 - 397** **Совет на општина Свети Николе**
**16.06. 2015 год.** **Претседател**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2015 година**

Се објавува Одлука за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2015 година бр. 0801 - 398 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/6** **Општина Свети Николе**
**16.06. 2015 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 83,84,85, и 86 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Р.М. „бр. 17/2011,53/11,144/12 и 25/13), „Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост“ (Службен весник на Р.М. бр. 93/11,65/12,75/12 и 98/12), член 15 од Статутот на Општина - Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” „бр. 01/.2006), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 16.06. 2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на „Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Свети Николе за 2015 година“**

**Чл.1**

Во „Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Свети Николе за 2015 година“ во делот „Б“ – РАСХОДИ,

Програма Ј10 – Снабдување со вода

Во првиот ред износот „500.000“ се заменува со износот „440.000“
Во вториот ред зборот „Павлешенци“ се заменува со зборот „Крушица„, а во продолжение износот „600.000“ се заменува со износот „660.000“

Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Во првиот ред по зборот „11 Октомври“ се додаваат две нови улици и тоа
„Рахилка Гонева “ и улица „1“, а во продолжение износот „22.000.000“ се заменува со износот „17.799.397“
Во вториот ред износот „1.200.000“ се заменува со износот „1.600.000“
По вториот ред, се додаваат два нови реда – трет и четврти кои гласат:
„Санација на скалиште и подести во нов градски парк“, а во продолжение се додава износот 486.160“ .
„Изградба на паркинг за тешки возила и автобуси во Свети Николе“, а во продолжение се додава износот „3.314.443“.

**Чл.2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе“.

**Број- 0801 - 398**
**16.06.2015 год.**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за исплата на парична помош**

Се објавува Одлука за исплата на парична помош бр. 0801 - 399 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/7**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а по поднесено барање од Китановски Стојан од Свети Николе од 02.06.2015 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.06. 2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош**

**член 1**

.Од Буџетот на Општина Свети Николе, Програма А0 413110 (тековна резерва-разновидни трошоци) да се исплати парична помош во износ од 600 евра во противвредност од 36.900,оо денари.

**член 2**

Паричната помош да се исплати на Китановски Стојан од Свети Николе на ул.Вера Циривири бр.32 која што парична помош ке биде наменета за санација на неговата семејна кука.

**член 3**

Барањето е прилог на оваа одлука.
Се задолжува одделението за финансиски прашања за реализација на оваа одлука.

**член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801- 399**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект**

Се објавува Одлука за утврдување на приоритет на проект бр. 0801 - 400 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/8**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 2, став 1 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр.1/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
## За утврдување на приоритет на проект

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот **“Изградба и уредување на јавни зелени површини за одмор и рекреација во три села Горобинци, Црнилиште и Ѓуѓанци и на четири локации во населено место Свети Николе”.**

### Член 2

Проектот ќе се реализира по пат на донации врз основа на Јавен повик бр.04/2015, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, Мерка 322 – Обнова и развој на селата.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр. 0801 - 400**
**16.06.2015 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата

Се објавува Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата бр. 0801 - 401 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година.

**Бр.0901-402/9**
**16.06. 2015 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 2, став 1 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр.1/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.06.2015 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Свети Николе дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот **“Изградба и уредување на јавни зелени површини за одмор и рекреација во три села Горобинци, Црнилиште и Ѓуѓанци и на четири локации во населено место Свети Николе”.**

**Член 2**

Проектот ќе се реализира по пат на донации врз основа на Јавен повик бр.04/2015, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, Мерка 322 – Обнова и развој на селата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801 - 401**
**16.06.2015 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д  Р Ж И Н А**

1.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

2.Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2

3.Одлука За давање согласност на Извештајот за материјално-финансово

работење на ЈКП ,,Комуналец ,, за период 01.01.2015-31.03.2015 година бр.0103-257/2

од 21.05.2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.3

`4. Одлука за  давање согласност на Одлуката за утврдување цени на вода за пиење  во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.4

5.Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање водоводен систем

во МЗ Кадрифаково од страна на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.5

6.Одлука за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6

7.Одлука за исплата на парична помош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 7

8. Одлука за утврдување на приоритет на проект  . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.8

9. Одлука за давање согласност на намената на инвестицијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.9

**Бр.0801 - 403**
**16.06.2015 година**
**Свети Николе**